# Редовен административен надзор врз сите 109 радиодифузери коишто емитуваат ТВ или радио програма

**Скопје, 28 април 2022** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши редовен административен надзор врз сите 109 радиодифузери коишто емитуваат телевизиска или радио програма .

Предмет на надзор беше обврската на радиодифузерите до 31 март 2022 година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

Надзорот покажа дека оваа законска обврска не ја исполни во целост единствено радио Капитол ФМ од Скопје.

**Извештајот е достапен на следниот линк:**

Општ извештај – (член 15 став 1 од Законот за медиуми) – 28.04.2022